ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-233/1
14-01-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1861/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1861/1 од 02.07.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1861/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршен увид во својата евиденција констатира дека лицето ____________ во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата член на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на ____________________, _______________, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Врз основа на увид во „Службен весник на РСМ“ бр.196 од 23.09.2024 година Државната комисија констатира дека лицето ______________ е разрешена од должноста член на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на ________________, ______________ со Решение бр.14-8750/1 од 17.10.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

објавено во „Службен весник на РСМ" бр.196/24 од 23.09.2024 година и во законскиот рок не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Поради констатираното прекршување на одредбата од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ______________________, Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1861/5 од 27.10.2025 година, кој е уредно доставен до сторителот на прекршокот, која во рок од 8 дена по приемот на налогот изврши уплата на половина од законски предвидената глоба, за што достави доказ до Државната комисија.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: М..С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК